Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

- СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
СКОПЈЕ
Примено: 20. 05. 2019
Орг. Един.: 25 | Број: 489/56 | Прилог: — | Вредност: —

Арх.бр 15-2902/2
Дата 17. 05. 2019

Општина Ѓорче Петров
Ул. Ѓорче Петров бр. 73
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Архивски знак: ____
Рок на чување ____ год.
____ 201__ година
Потпис.

Предмет: Мислење по Финален Извештај за стратегиска оцена на животната средина
Врска: ваш бр. 25-489/51 од 16.05.2019

Почитувани,

Во врска со Вашето барање на мислење доставено до Министерството за животна средина и просторно планирање-Сектор за просторно планирање под бр. 15-2902/1 од 16.05.2019 год. и по доставениот Финален Извештај за стратегиска оценка на животната средина УПВНМ Веле Поле – Општина Ѓорче Петров, а врз основа на спроведена постапка за стратегиска оцена на животната средина, и спроведена постапка учество на јавноста, Министерството за животна средина и просторно планирање нема забелешки и дава позитивно мислење по содржината и обемот на документот.
Во прилог на наведеното, Министерството за животна средина и просторно планирање посочува дека предметниот Извештај за стратегиска оцена на животната средина ги содржи аспектите за заштита на животната средина, како и економските и социјалните прашања во фазите на планирање и имплементирање на планот, како и преглед на регулаторната рамка и процедури кои ќе служат како основа за проценки на влијанијата врз животната средина за сите идни подпроекти кои би се реализирале во рамки на планот.
Согласно наведеното, Министерството смета дека е постигната општата цел на Извештај за стратегиска оцена на животната средина, односно дека е направена целосна анализа на потенцијални влијанија од донесувањето и имплементацијата на урбанистичкиот план кој е предмет на стратегиска оцена, а воедно се утврдени и мерки за заштита, намалување и неутрализација на негативните влијанија и план за мониторинг на животната средина.

Истовремено, се препорачува доследна примена на мерките предвидени во Извештајот за стратегиска оцена на животната средина.

Со почит,

ЗАМЕНИК МИНИСТЕР
м-р Јани Макрадули

Изработил: Милева Тагасовска

Проверил: Сашо Апостолов

Одобрил: Неби Реџепи